# МОНОТИПИЈА MONOTYPE

IKON
assotiation for culture



Роден 1928 во Скопје.
Дипломирал на Академијата за убави уметности во Љубљана, Словенија;
1960/61 - Истражувања во Кралскиот Колеџ на Убавите Уметности во Лондон;
1965/66 - Истражувања во САД и гостин-професор во Куперовиот факултет за Убави Уметности во Њујорк;;
1980/90 - Декан и професор на Факултетот за ликовни уметности, Скопје

## ПЕТАР ХАЏИ БОШКОВ
## PETAR HADZI BOSKOV

1928 -Born in Skopje.
1953 - Graduated from thhe Academy of fine Arts in Ljubljana, Slovenia;
1960/61 - Research at the Royal Collage of fine Arts in London;
1965/66 - Research in USA and Visiting Proffesor at Cooper Union of Fine Arts in New Jork;
1980/90 - Dean and Proffesor at the Faculty of Fine Arts in Skopje

Идејата за организирање уметнички работилници со цел да се подобрат меѓуетничките односи во Република Македонија е една од основните програмски цели и определби на Асоцијацијата за култура ИКОН. Оваа асоцијација се стреми, преку програми од областа на културата, да помогне во градењето граѓанско општество во Република Македонија.
Стручното водство од страна на еминентни уметници и професори секако ќе придонесе во здобивањето на поголеми знаења на полето на уметноста.
Во овој случај, за запознавање на ***монотипијата***, драгоцено е учеството на професорот Петар Хаџибошков.
Уметниците; Башким Керими, Дијана Томиќ-Радевска, Мирослав Масин, Луан Зенки, Нина Гештаковска-Цветковска, Ибрахим Беди, Маргарита Киселичка и Сашо Саздовски со својата заедничка работа во графичката работилница покажаа дека кај нив се надминати меѓуетничките недоразбирања и конфликти, дека уметноста потикнува да се чекори кон граѓанско општество.

Климе Коробар
Претседател на ИКОН

The idea to organize art workshops in order to improve the inter-ethnical relations in the Republic of Macedonia is one of the basic program goals and principles of the Association for Culture IKON. This Association tends to help the creation of civil society in the Republic of Macedonia through programs in the field of culture.
The expert guidance by renown artists and professors will certainly contribute to acquiring more knowledge in the field of arts.
In this particular case, we must point out the contribution of professor Petar Hadzi Boпkov in the field of monotype.
The artists participating in this graphic workshop, that is: Bashkim Kerimi, Dijana Tomik Radevska, Miroslav Masin, Luan Zenki, Nina Geпtakovska Cvetkovska, Ibrahim Bedi, Margarita Kiselicka and Saпo Sazdovski, showed that they have overcome the inter-ethnic misunderstandings and conflicts, that the art can help in stepping closer to a civil society.

Klime Korobar
President of IKON

БАШКИМ КЕРИМИ
BASKIM KERIMI





НИНА ГЕШТАКОВСКА ЦВЕТКОВСКА
NINA GESTAKOVSKA CVETKOVSKA

ДИЈАНА ТОМИЌ РАДЕВСКА
DIJANA TOMIK RADEVSKA





ИБРАХИМ БЕДИ
IBRAHIM BEDI

МИРОСЛАВ МАСИН
MIROSLAV MASIN





МАРГАРИТА КИСЕЛИЧКА
MARGARITA KISELICKA

ЛУАН ЗЕНКИ
LUAN ZENKI





САШО САЗДОВСКИ
SASHO SAZDOVSKI

Ферид Мухиќ

## ЕДНАШ Е - СЕКОГАШ

...Отворете ги очите! Не затворајте ги толку лесно! што и да ви речат, прифаќате без да погледнете, без да размислите! Најголеми заблуди стануваат за вас врвни вистини, поговорки престорени, само затоа што се повторени неброено многу пати. Клишеата ви се засолништа пред опасноста вистински да мислите! Стереотипите ви се штитови со кои се браните од оригиналноста! Земете ја, на пример, поговорката "Еднаш е - ниту еднаш!" Латинското "**Testis unus, testis nullus!**" ("Еден сведок, не е сведок"); германското "**Einmall ist keinmall!**", на пример. Погледнете внимателно! Колку невистинита, погрешна мисла, и колку рутински, лесно како на сон, се прифаќа!? Сите нешта во овој свет се едни, единствени, уникатни! И десет деца да родите, секое од нив е едно, за себе, за вас, за светот, и незаменливо за било кое друго. И пријатели колку и да се на број, не престанува секој да биде оној кој е! - токму во тој *Едниот* содржана е тајната на пријателството, супстратот на родителството. Се живее еднаш. Но, колку безмерно повеЌе е тоа отколку да не се живее воопшто: ниту еднаш!?

И што е друго секој наш миг, ако не оној еден единствен, но толку суверено доволен сведок! - дека сме!? И додека сме, зар не сме, наедно за секогаш!? Големите серии се големи лаги; униформирањето е обезличување; репродукцијата е илузија. Нооторен фалсификат. И овој свет е еден, без двојник и реплика, и животот е неповторливо еден, и секој наш чин е еднаш и никогаш повеќе таков, токму ваков, истиот. Убавината на сите нешта, нивната вредност, безмерната скапоценост, втемелена е токму во нивната суштинска уникатност. Во невозможноста да бидат мултиплицирани.

И Господ е еден.

Ете зошто треба да ги отворите очите! Да видите дека пораката на ***МОНОТИПИЈАТА,*** е највисока етичка лекција. Дека не постојат ни поединци, ниту народи, култури, ни етникуми, кои што можат да се заменат, како старо за ново, скршено за исправно; со или без доплата. Дека во секој човек, во секоја традиција, во сите нешта што се пред нас, треба да го согледате, препознаете, почитувате и разберете, чудото на неповторливоста, еден единствен отпечаток, една монотипска графика со бесконечно важна, длабока и убава порака, излезена од работилницата на Големиот Графичар!

БАШКИМ КЕРИМИ

Роден 1969 во Куманово. Дипломирал во1993 година на Факултетот за ликовни уметности во Приштина, на отсекот графика во класата на проф.Фатмир Крипа.
Адреса: Нас. Железничка станица, ул."8" бр.9, Куманово
Тел. ++389 901 34 071
e-mail: bashim_q@hotmail.com

BASKIM KERIMI

Born 1969 in Kumanovo. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Pristina in 1993, at the Department of Graphic in the class of Prof. Fatmir Kripa.
Address: Zeleznicka stanica, "8", 9, Kumanovo
tel. ++389 901 34 071
e-mail: bashim_q@hotmail.com



ДИЈАНА ТОМИЌ РАДЕВСКА

Родена 1961 година во Скопје. Дипломирала во 1984 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на отсекот за графика. Член е на ДЛУМ од 1985 година.
Адреса: ул. Народен фронт 5 / БII/57, 1000 Скопје
тел.++389 91 125368 ; 239708
e-mail: d_tomic_radevska@yahoo.com

DIJANA TOMIK RADEVSKA

Born 1961 in Skopje. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1984 at the Department of Graphic and Graphic Design. Member of DLUM (The Macedonian Association of Fine Artists) since 1985.
Address: Naroden front 5 / BII/57, 1000 Skopje
tel.++389 91 125368 ; 239708
e-mail: d_tomic_radevska@yahoo.com



МИРОСЛАВ МАСИН

Роден 1963 година. Дипломирал во 1988 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Член е на ДЛУМ од 1988 година.
Студиски престојувал во Голема Британија, Франција и Чешка.
Адреса: бул. Видое Смилевски Бато 27/3/1, 1000 Скопје
тел.++389 70 221468
e-mail: mmasin@freemail.org.mk

MIROSLAV MASIN

Born in1963 godina. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1988. Member of DLUM (Association of ) since 1988. Specializes in Italy in 1988/89 at Accademia di Belle Arti, Venice in the class of Prof. Borella. Member of DLUM (The Macedonian Association of Fine Artists) since 1988.
Study trips to Great Britain, France and Czech Republic.
Address: Bul. Vidoe Smilevski Bato 27/3/1, 1000 Skopje
tel.++389 70 221468
e-mail: mmasin@freemail.org.mk



ЛУАН ЗЕНКИ

Роден 1969 година во Гостивар. Дипломирал во 1995 година на Факултетот за ликовни уметности во Приштина, во класата на проф. Мр. Агим Чавдрбаша. Во 1998 година завршува постдипломски студии во Приштина, на отсекот за сликарство, во класата на проф. Мр. Реџеп Фери.
член е на ДЛУМ.
Адреса: ул. Н. Парапунов 227, 1230 Гостивар
Тел.++389 42 21 60 65

LUAN ZENKI

Born 1969 in Gostivar. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Pristina in the class of Prof. Agim Cavdrbasa. Faculty of Fine Arts in Pristina, Painting in the class of Prof. Redzep Feri, MA in 1998. Member of DLUM (The Macedonian Association of Fine Artists).
Address: N. Parapunov 227, 1230 Gostivar
tel.++389 42 21 60 65



НИНА ГЕШТАКОВСКА ЦВЕТКОВСКА

Родена 1961 година во Ресен. Дипломирала 1994 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во класата на проф. Драгутин Аврамовски - Гуте. Специјализира во Италија 1988/89 година на Accademia di Belle Arti во Венеција во класата на проф. Борела. Член е на ДЛУМ од 1995 година.
Адреса: ул. Скупи 5/16 А, 1000 Скопје
Тел. ++ 389 91 395252

NINA GESTAKOVSKA CVETKOVSKA

Born 1961 in Resen. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1994 in the class of Prof. Dragutin Avramovski – Gute. Specializes in Italy in 1988/89 at Accademia di Belle Arti, Venice in the class of Prof. Borella. Member of DLUM (The Macedonian Association of Fine Artists) since 1995.
Address: Skupi 5/16A 1000 Skopje
tel.++389 91 395252



ИБРАХИМ БЕДИ

Роден 1959 година во Скопје. Дипломирал во 1985 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на одделот за скулптура кај проф. Петар Хаџибошков.1991 специјализира на Ликовната Академија при Универзитетот Мимар Синан во Истанбул, а 1992 на Јилдиз Универзитетот под менторство на проф. Томур Атагок. Запишува постдипломски студии на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во класата на проф. Васил Василев.

IBRAHIM BEDI

Born 1959 in Skopje. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1985, at the Department of Sculpture in the class of Prof. Petar Hadziboskov. Specializes in Turkey in 1991/92 at the Mimar Sinan University and at the Yildiz University in the class of Prof. Tomur Atagok. Enrolled Postgraduate studies on the Faculty of Fine Arts in Skopje in the class of Prof. Vasil Vasilev.



Ferid Muhik

ONCE IS - ALWAYS

...Open your eyes! Don't close them so readily! Whatever they say, you accept it without looking, without thinking. The greatest delusions become the supreme truths, disguised proverbs, only because they were repeated to you countlessly. The clichés are your shelters before the danger of real thinking! The stereotypes are your shields that protect you from the originality! Take, for example, the proverb "Once is - not once!" The Latin "Testis unus, testis nulus!" ("One witness is no witness"); the German "Einmal ist keinmal", for example. Look carefully! How this untrue, wrong statement, is so routinely, so easily, like in a dream, accepted!? All the things in this world are one, only, unique! You can have as much as ten children, but each of them is unique, for itself, for you, for the world, and each is irreplaceable with any other. And the friends, regardless of their number, each of them is still being who he/she is! - it is in that One that the secret of friendship is incorporated, the substrate of parenthood. You only live once. But, it is immeasurably more than not living at all, not even once!?

And, what else is each our moment, but the one and only, yet so much superstitiously sufficient witness - that we are!? And, since we are, are we not for ever, too!? The great series are great lies; uniforming is depersonalization; reproduction is illusion. A notorious forgery. And this world is one, as well, without a double or a replica, and life is irrepeatably one, and each act of ours is once and never again the same, just like this, the same. The beauty of all things, their value, the immense preciousness, is grounded in their very essential uniqueness. In the impossibility to be multiplied. There is one God.

This is why you should open your eyes! To see that the message of MONOTYPE is the ultimate ethical lesson. That there are no individuals, no nations, cultures, no ethnicities that can be replaced, as old for new, broken for operational; with or without extra payment. That in every man, in every tradition, in all the things in front of us, you should see, recognize, respect and understand the miracle of uniqueness, the one and only print, one monotype graphic with infinitely important, deep and nice message, released from the workshop of the Great Graphic Artist!

МАРГАРИТА КИСЕЛИЧКА

Родена 1962 година во Скопје. Дипломирала во 1985 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на отсекот за вајарство во класата на проф. Петар Хаџибошков.
Член е на ДЛУМ од 1985 година.
Адреса: ул. Ѓорѓи Димитров 64/3/9, 1000 Скопје
тел.++389 91 779132
e-mail: kiselicka-m@mail.sity.com

MARGARITA KISELICKA

Born 1962 in Skopje. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1985 at the Department of Sculpture in the class of Prof. Petar Hadziboskov.
Member of DLUM (The Macedonian Association of Fine Artists) since 1985.
Address: Gorgi Dimitrov 64/3/9, 1000 Skopje
tel.++389 91 779132
e-mail: kiselicka-m@mail.sity.com



САШО САЗДОВСКИ

Роден во Скопје1976 година. Дипломирал во 2000 година на Факултетот за ликовни умет-ности во Скопје. Запишува постдипломски студии на Факутетот за ликовни уметности во Скопје на отсекот за вајарство во класата на проф.Драган Попоски-Дада.
Член е на ДЛУМ од 2000 година.
Адреса: ул. Васил Ѓоргов 26/42, 1000 Скопје
Тел.++389 91 22 15 18
e-mail: sasculpt@yahoo.com

SASHO SAZDOVSKI

Born in Skopje in1976. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 2000. Enrolled Postgraduate studies on the Faculty of Fine Arts in Skopje in the class of Prof. Dragan Popovski – Dada. Member of DLUM (The Macedonian Association of Fine Artists) since2000.
Address: Vasil Gorgov 26/42, 1000 Skopje
tel.++389 91 221518
e-mail: sasculpt@yahoo.com



... ПОТРЕБАТА ЗА ПРИКАЖУВАЊЕ НА ЛИЧНОТО ВНАТРЕШНО ДОЖИВУВАЊЕ ВО ГРАФИКАТА КАКО РЕПРОДУКТИВНО ИЛИ УНИКАТНО ДЕЛО / ЕДЕН ОТИСОК / ИМА ЦЕЛ ДА ВОСПОСТАВИ ДУХОВНА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ТВОРЕЦОТ, ДЕЛОТО И ГЛЕДАЧОТ ...

... ИСТОРИСКИ ГЛЕДАНО ГРАФИКАТА СЕ СМЕТАЛА ЗА РЕПРОДУКТИВНА УМЕТНОСТ. ДЕНЕС, ТОА Е КЛАСИЧЕН СТАВ.
СО ПОЈАВАТА НА НОВИ РАЗНОВИДНИ ТЕХНИЧКИ И ТЕХНОЛОШКИ ИНОВАЦИИ Е ОВОЗМОЖЕНА ПОГОЛЕМА СЛОБОДА ПРИ СОЗДАВАЊЕТО НА ГРАФИКАТА, КАКО ВО ИЗРАЗУВАЊЕТО ТАКА И ВО ДУХОВНАТА КОМУНИКАЦИЈА ...

... УНИКАТНИОТ ОРИГИНАЛЕН ОТПЕЧАТОК НА ХАРТИЈА ИЛИ ВРЗ ДРУГ МАТЕРИЈАЛ, ДЕНЕС Е МОШЕН ПРИСУТЕН ВО СВЕТОТ КАКО ПОСЕБНА ГРАФИЧКА ТЕХНИКА ... ГРАФИКАТА ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ МОЖЕ ДА СЕ ДЕФИНИРА КАКО ОРИГИНАЛЕН ОТПЕЧАТЕН ЦРТЕЖ ...

Од размислувањата и дискусиите помеѓу уметниците во студиото на проф. Хаџибошков.

... THE NECESSITY TO SHOW THE PERSONAL, INSIDE EXPERIENCE IN THE ART AND IN THE GRAPHIC ART AS REPRODUCTIVE OR UNIQUE (ONE PRINT) IS AIMED TOWARDS SETTING A SPIRITUAL COMMUNICATION BETWEEN THE AUTHOR, THE WORK AND THE SPECTATOR ...

... TODAY THE HISTORICAL ATTITUDE CLAIMING THAT THE REPRODUCTIVENESS OF THE PRINTS IS GRAPHIC ART COULD BE CONSIDERED CLASSICAL. THE INTRODUCTION OF NEW TECHNICAL AND TECHNOLOGICAL INNOVATIONS OFFERED A WIDE CHOICE IN THE CREATION AND IN THE GRAPHIC ART, IN THE EXPRESSION AS WELL AS IN THE SPIRITUAL COMMUNICATION ...

... THE UNIQUE ORIGINAL PRINT ON PAPER OR ON OTHER MATERIAL IS TODAY WIDELY APPLIED IN THE WORLD AS A PARTICULAR GRAPHIC TECHNIQUE AND ... IF WE DEFINE THE GRAPHIC ART IN THE FINE ARTS, IT IS AN ORIGINALLY PRINTED DRAWING ...

FROM THE CONSIDERATIONS AND THE DISCUSSIONS AMONG THE ARTISTS IN THE COURSE OF THE WORK IN THE ATELIER OF PROF. PETAR HADZI BOSKOV.

Издава: Асоцијација за култура ИКОН
Одговорен уредник: Климе КОРОБАР, претседател
Предговор: проф. Ферид МУХИЌ
Фото: Роберт ЈАНКУЛОВСКИ и Климе КОРОБАР
Превод на англиски јазик: Маја ХАЏИМИТРОВА-ИВАНОВА
Дизајн и припрема на каталогот: Ладислав ЦВЕТКОВСКИ
Печати: Скенпоинт
Скопје, декември 2000 година

Графичката работилница и каталогот се помогнати од:

Институт Отворено општество Македонија,
Фондацијата Про - Хелвеција и
Обединети нации, Висок комесаријат за бегалци УНХЦР

Publisher: Association for Culture IKON
Editor and Chief: Klime KOROBAR
Preface: Prof. Ferid MUHIC
Translation: Maja HADZIMITROVA-IVANOVA
Photo: Robert JANKULOVSKI and Klime KOROBAR
Lay – out: Ladislav CVETKOVSKI
Printed by: Skenpoint
Skopje, December 2000

The realization of the catalog and the project is supported by

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
FOUNDATION PRO HELVETIA
UNITED NATIONS, HIGH COMMISSIONER FOR REFUGEES **UNHCR**

ISBN: 9989-921-00-8

OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

PRO HELVETIA
RÉSEAUX EST-OUEST

50th anniversary UNHCR